**ЗАПИСНИК**
**од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 16.05.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АВМУ, Селвер Ајдини заменик на претседателот на Советот на АВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: д-р Методија Јанчески

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Емилија Јаневска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни**: /

Г-дин Петрушевски ја отвори 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.05.2022 година.
2. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-78 од 05.01.2015 година.
3. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, бр.08-234 од 30.04.2019 година.
4. Предлог за поведување прекршочна постапка против ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ.
5. Предлог за поведување прекршочна постапка против ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.
6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.
7. Предлог за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка - услуга: Одржување на софтвер на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – Истражување - Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.05.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2 и Точка 3**

Г-дин Трајчевски ги образложи со заеднички вовед Предлозите за покренување на постапки за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје и на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга. Објасни дека овие радиодифузери немаат извршено уплата на средствата за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, кој истече минатата недела и предложи започнување на постапка за одземање на дозволата. Напомена дека иако двата радиодифузери имале најава за уплата на средствата, сепак до моментот на одржување на седницата тоа не е сторено.

Г-дин Петрушевски изрази надеж дека овие радиодифузери ќе ја извршат уплатата и што поскоро ќе закаже седница на која ќе се прекине постапката за одземање на дозволата. Рече, дека во овој случај Советот нема друг избор освен да постапи согласно законските одредби. Сите најави за извршена уплата се неважечки се додека не пристигне уплатата на средствата преку банкарските системи.

Процедурално, г-дин Трајчевски кажа дека и да се уплатат средствата денес после 15 часот, доколку има седница ќе биде за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата, а не за поништување на одлука на Советот.

*Гласање по Точка 2*

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-78 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Службен весник на РСМ“ бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1975/1 од 13.05.2022 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената ф-ра бр.2022-100-0084 од 14.01.2022 година (наш.арх.бр.05-279/1), за која што Министерството за правда на Република Северна Македонија даде позитивно мислење за јавен интерес на 14.04.2022 година (наш.арх.бр.03-1697/1), Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје имаше обврска да плати 50% од нејзиниот износ, односно 97.049,00 (деведесет и седум илјади и четириесет и девет) денари, кој се однесува на годишниот надоместок за дозволата за радио емитување за периодот од 05.01.2022 година заклучно со 04.01.2023 година. Заклучно со 12.05.2022 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, не извршило уплата во износ од 97.049,00 (деведесет и седум илјади четириесет и девет) денари.

*Гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, бр.08-234 од 30.04.2019 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1930/1 од 10.05.2022 година, радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената ф-ра бр.2022-100-0149 од 04.04.2022 година, Трговското Радиодифузно Друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга, имало обврска да плати 285.490,00 (двесте осумдесет и пет илјади четиристотини и деведесет) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување за периодот од 03.04.2022 година заклучно со 02.04.2023 година. Заклучно со 08.04.2022 година, кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Трговското Радиодифузно Друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга, не извршило уплата во износ од 285.490,00 (двесте осумдесет и пет илјади четиристотини и деведесет) денари.

**Точка 4 и 5**

Г-дин Петрушевски предложи за точките 4 и 5 да имаат заеднички вовед, бидејќи се работи за прекршување на член 92 од ЗААВМУ и двата предлози се скоро идентични.

Емилија Јаневска, раководителка на Секторот за програмски работи објасни дека прекршувањата на законската обврска за емитување македонски аудиовизуелни дела кај двата радиодифузери, кои што емитуваат програми на локално ниво на подрачјето на Гостивар, и ТРД Г-ТВ Телевизија и ТВ ДУЕ, се констатирани со контролниот надзор кој што е направен во април. Со надзорот кај ТРД Г-ТВ Телевизија е констатирано дека наместо најмалку 30%, емитува 22.67%, што значи дека радиодифузерот продолжил со вршење на прекршокот од ставот 1, додека го отстранил прекршокот на ставот 3, половина од македонските аудиовизуелни дела да се емитуваат во периодот од 07,00 до 19,00 часот. Оттаму, согласно член 23 од Законот се предлага за радиодифузерот да се поведе прекршочна постапка. Нагласи дека е важно да се потенцира дека овие прекршувања, и кај двата радиодифузери, се провлекуваат практично од минатата година. За прв пат е констатирано прекршување во ноември 2021 година за што беше изречена мерка опомена во декември 2021 година, потоа со контролниот надзор во февруари 2022 година кај двата радиодифузери повторно е констатиран прекршокот, но бидејќи контролниот надзор се префрли наредната година според Заклучокот за изрекување мерки, повторно беше изречена мерка опомена и повторно имаа рок од 30 дена за усогласување. Ова е практично трет надзор со кој што се констатираат истите прекршувања, со тоа што кај ТРД Г-ТВ Телевизија се гледа дека се правени некакви напори изминатиов период, за што со секој надзор обемот на македонски аудиовизуелни дела е поголем. Почнал со 6.76%, па 18,94% сега има 22,67%, додека кај другиот радиодифузер по првиот надзор воопшто немаше македонски аудиовизуелни дела, со вториот надзор имаше 4%, сега со третиот надзор има 4,14%.

ТВ ДУЕ освен првиот став го прекршува и 3-от став од член 92 од ЗААВМУ, значи целата обврска поврзана со македонски аудиовизуелни дела. Кај ТВ ДУЕ битно е исто така да се потенцира, дека согласно Законот нема казнена одредба за ставот 3, така што доколку се поведе прекршочна постапка кај ТВ ДУЕ ќе биде само за ставот 1 од член 92, исто така и кај ТВ Г-ТВ. Објасни дека со ТВ ДУЕ нема никаква комуникација изминатиов период, не се јавил за дополнителни прашања или да расчисти некои нејаснотии. Додека пак ТВ Г-ТВ упатил допис минатата недела со кој известил дека не се согласува со наодите од надзорот и бара средба. Средбата се одржа на 10 мај минатата недела. На средбата им беше овозможен увид во снимките од програмата и во наодите од надзорот, при што беа потврдени наодите од надзорот, односно радиодифузерот се согласи дека се точни наодите во двата Извештаи, и за членот 64 кој што е подоцна на дневен ред и за членот 92 став 1. Вчера, радиодифузерот испратил нов допис, во кој се обраќа до Советот и информира дека направените пропусти се ненамерни и биле сплет на околности и бара од Советот на Агенцијата да бидат потолерантни при изрекувањето на мерки затоа што глобата сериозно ќе влијание на нивните намери да опстојат како радиодифузер.

Г-дин Ајдини рече дека по објаснувањето на раководителката на Секторот за програмски работи Емилија Јаневска, ситуацијата со овие радиодифузери е појасна, иако во дописот што го добиле од ТРД ТВ ДУЕ пишува дека тие реално емитувале 30% македонски аудиовизуелни дела. Посочи дека го интересира доставувањето на дописите до радиодифузерот.

Раководителката на Секторот за програмски работи Емилија Јаневска, објасни дека грешки во извршениот надзор нема и дека тоа го потврдил и самиот радиодифузер на состанокот кој го имале. Што се однесува до дописите, контролните надзори не се прават додека не се потврди дека радиодифузерот ги примил дописите. Значи се праќа секогаш дописот по пошта и радиодифузерот се потпишуваат на картонче дека ги добиле известувањата од Агенцијата. Агенцијата штом ќе добиеме потврда дека се потпишале и во името на радиодифузерот и одговорното лице, тогаш прави надзорот, затоа што контролните надзори се сметаат од денот на приемот на Решението за мерка. Така да радиодифузерот, штом е направен надзорот, ги примил сите дописи и барањето за изјаснување и Решението за мерка.

Г-дин Ајдини кажа дека неговото прашање е во насока да не се направи некоја процедурална грешка, глобите се сериозни, а Советот на Агенцијата мора да има ист критериум за сите, бидејќи така наложува Законот.

Г-дин Трајчевски потсети дека Агенцијата имала ваква ситуација и минатата година со еден радиодифузер од Велес и со Телевизија Нова од Гевгелија, каде што со контролните надзори се откриваа нови недостатоци, тие добија по две или три прекршочни пријави. Единствено што може да се надеваат дека судот може да им изрече мерка опомена поради финансиската ситуација и економската криза. Во овој момент кон други два радиодифузери сме постапиле на ист начин, потсетувајќи дека едниот радиодифузер, на кој и му се одзема дозволата обвинувал на седница дека намерно му се изрекувани прекршочни пријави.

Г-дин Петрушевски рече дека Законот ограничува и дека ако Советот дејствува обратно прават две грешки, поточно, ќе постапат селективно и ќе го прекршат Законот.

Г-дин Фиданоски се обрна на процентите на исполнетост на емитување на македонски аудиовизуелни дела, иако тоа не значи дека го исполниле критериумот. Посочи дека се гледа дека кај едниот радиодифузер, тоа е ТРД Г-ТВ, има обиди тоа да се подобри и да се приближи до обврската што ја имаат и да соработува со регулаторно тело. Впрочем, и контактите што ги имале со Агенцијата во намера на разјаснување и увид во снимките од програмата и на наодите од надзорот, покажува за него конструктивност во соработката на некој начин. Се надева дека во иднина тие нема да ја повторат оваа грешка, верува во образложението од Службата дека дописите се навреме примени, иако стои во нивниот допис дека не им биле означени македонски аудиовизуелни дела, дека тие ја исполниле квотата во нивниот вчерашен допис. Во секој случај и тој се надева дека Судот ќе го земе во предвид сето ова, и особено во каква состојба севкупно се наоѓаат радиодифузерите. Затоа што сумите што може да бидат изречени, евентуално како парични санкции, би биле сериозен удар за нивното работење и тој искрено верува дека Судот ќе го земе тоа предвид и дека ќе добијат опомена која што ќе ги поттикне во иднина да ги почитуваат одредбите.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-1798/1 од 27.04.2022 година на ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар и утврди прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд, бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот радиодифузер на 20 април 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е спротивно на член 92 став 1 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-1937/1 од 10.05.2022 година на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар и утврди прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд, бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот радиодифузер на 20 април 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот, што е спротивно на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точка 6**

Г-дин Петрушевски посочи дека во претходната дискусија веќе се објаснил и Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Г-ТВ Телевизија ДООЕЛ Гостивар од страна на раководителката на Секторот за програмски работи Емилија Јаневска и предложи гласање по предлогот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден, по службена должност, програмски надзор, бр.10-1799/1 од 27.04.2022 година и едногласно заклучи на ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 11 април 2022 година, цртаниот филм „Пинк Пантер“ (Pink Panter – Pinkozoic Era) беше емитуван изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански, македонски или на турски јазик, јазиците на кои што медиумот емитува програма согласно дозволата.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Се задолжува Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за дообезбедувње на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка-услуга: Одржување на софтверот на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ. Објасни дека станува збор за дообезбедување средства на износ од 18.960,00 денари без ДДВ. Имено, на објавениот оглас краен рок за доставување беше 05.05.2022 по извршената корекција од страна на Бирото за јавни набавки. Доставена е една понуда која откако била евалуирана од страна на надлежната комисија за јавни набавки било утврдено дека истата е прифатлива меѓутоа потребно е да се дообезбедат средства во износ од 18.960,00 денари. Дообезбедувањето на средствата во овој износ од страна на Комисијата било утврдено дека е во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки односно дека ова е поекономично отколку да се спроведе нова постапка, а исто така не се надминува вредносниот праг на постапката која што се применува за оваа набавка, поради што е предложено да се дообезбедат средства кои средства се обезбедени со Ребалансот на финансискиот план кој што беше спроведен на минатата седница. Со тоа што на овој начин доставената понуда од овој економски оператор ќе биде прифатливо согласно одредбите од Законот за јавните набавки. Инаку во

дадената ситуација Годишниот план за јавни набавки не треба да се менува бидејќи тоа е предвидено и е во согласност со Правилникот за формата, содржината и начинот на изработка на Годишен план за јавни набавки.

Г-дин Петрушевски дополни дека разликата во парите е многу мала, поточно 0.23%.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка-услуга: Одржување на софтверот на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ.

**Точка 8**

Г-дин Трајчевски посочи дека оваа јавна набавка е произлезена од законска обврска која ја има Агенцијата и дека ова Истражување, согласно Законот се доставува и до Собранието на РСМ, кое што понекогаш одлучува и да го разгледува на пленарна седница.

Раководителката Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - Истражување - Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите. Повтори дека Анализата е исполнување на обврската согласно Законот за еднаквост на мажите жените а воедно ја има и во Програмата за работа на Агенцијата. Станува збор за набавка која што според проценетата вредност ќе се спроведе како набавка од мала вредност.

Г-дин Трајчев укажа дека Советот на Агенцијата гласа за потреба за набавка, додека спецификацијата и начинот како ќе се изведе постапката се надлежност на директорот и на самата Агенција. Сепак укажа, дека според него, критериумите како 60 бода за квалитет и 40 бода за цена, треба да се избегнуваат.

Г-дин Фиданоски, поттикнат од г-дин Трајчев, рече дека има поразличен став. Смета дека ваквиот тип на истражувања потребно е имаат критериум квалитет, особено што ова се сензитивни прашања, и како што кажал и г-дин Трајчевски, се разгледуваат и во Парламентот. Од тие причини треба да се изработат квалитетно, односно оваа јавна набавка да добие квалитетен економски оператор кој што ќе изработи истражување по сите критериуми.

Г-дин Петрушевски кажа дека двајцата колеги имаат една стабилност во ставовите по ова прашање, искрено тој повеќе се согласува со г-дин Фиданоски.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - Истражување - Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка - Истражување - Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-563/2 од 08.02.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 9**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02- 1980/9

20-05 **2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**